Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02-734
13.12 2024 год.
Куманово

Република Северна Македонија
**Н О Т А Р**
**М-р МАРЈАН КОЦЕВСКИ**
К у м а н о в о
ул. “11 Октомври” бр.4
**десетти декември две илјади дваесет и четврта година**
**-10.12.2024-**

**ИЗВОД**
**ОДУбр.674/24**

**З А П И С Н И К**
**ОД СЕДНИЦА НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**
-------------------------------------------------------------------------------------------

Јас Нотар Марјан Коцевски од Куманово, потврдувам дека денеска на ден десетти декември две илјади дваесет и четврта година, по писмена покана од Извршниот директор на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со седиште во Куманово, ул.”11-ти Ноември” бр.87А, *што е прилог на овој записник,* присуствував на седница на вонредно собрание на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со седиште во Куманово, ул.”11-ти Ноември” бр.87А, во дванаесет часот, при што согласно член 4 и член 92 од Законот за нотаријатот и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот: --------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК**
**ОД СЕДНИЦА НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**
-------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на седницата извршив увид во: ---------------------------------------------
- **Тековна состојба** Бр.0805-50/150020240434204 на ден 10.12.2024 (десетти декември две илјади дваесет и четврта) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод *што е прилог на овој записник,* утврдив дека Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, со седиште во Куманово, ул.”11-ти Ноември” бр.87А, е запишано во Трговскиот регистар како АД со ЕМБС4028201, ----------------------------------------------------------------------------------
- **Потврда за стечајна постапка** Бр.0806-50/150020240434434 на ден 10.12.2024 (десетти декември две илјади дваесет и четврта) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод *што е прилог на овој записник,* утврдив дека за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201 не се евидентирани податоци за отворена стечајна постапка, ---------------
- **Потврда за ликвидациона постапка** бр.0807-50/150020240434206 на ден 10.12.2024 (десетти декември две илјади дваесет и четврта) година, на Централен регистар на РСМ, електронски извод *што е прилог на овој записник,* утврдив дека за Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, не се евидентирани податоци за отворена ликвидациона постапка, **и ми беше доставено:** ------------------------------------------------------------------------------------
- **Јавен повик** објавен во весникот Нова Македонија од 08.11.2024 (осми ноември две илјади дваесет и четврта) година, чија копија од страница седумнаесет целосна *е прилог на овој записник,* а врз основа на Записник од одржана 31 (триесет и прва) седница на Одборот на директори на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово на ден 06.11.2024 (шести ноември две илјади дваесет и четврта) година, заведен под дел.број 02-667 од 06.11.2024, *што е прилог на овој записник* и Одлука за свикување на вонредно Собрание на акционери, заведена под дел.бр.02-670 од 06.11.2024 (шести ноември две илјади дваесет и четврта) година, *што е прилог на овој записник,* со кој се објавува Јавниот повик заведен под дел.број.02-670/1 од 06.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* за учество на вонредно собрание на акционери на Фабрика за

./.

заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на ден 10.12.2024 (десетти декември две илјади дваесет и четврта) година, со почеток од дванаесет часот.-----------------------------------------------------------------------------------------

- **Акционерска книга на** Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, со состојба на ден 10.12.2024 (десетти декември две илјади дваесет и четврта) година, *е прилог на овој записник,* во која се евидентирани сите акционери на Друштвото со вкупен број на обични акции 491.000 (четиристотини девесет и една илјада) акции и толкав број на гласови, ---------------------
- **Список на присутни акционери на Собранието** закажано на ден 10.12.2024 (десетти декември две илјади дваесет и четврта) година, *што е прилог на овој записник,* а кој содржи: име и презиме или назив на акционерот, матичен број на присутниот акционер односно застапник на акционерите, број на акции со кои гласа акционерот односно застапник на акционерите, своерачен потпис на акционерот или застапник на акционерот, -----------------------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-703 од 28.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр. 02-703/1 од 28.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Квалитет-Пром ДООЕЛ,** како имател на 257.087 (двестотини педесет и седум илјади осумдесет и седум) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------
- **Полномошно бр.02-702 од 28.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-702/1 од 28.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот РАПИД БИЛД ДОО,** како имател на 44.905 (четириесет и четири илјади деветстотини и пет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-705 од 28.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-705/1 од 28.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Нацевска Милица,** како имател на 131 (сто триесет и една) акција во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ---------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-695 од 26.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-695/1 од 26.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Трајан Насковски,** како имател на 156 (сто педесет и шест) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ---------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-696 од 26.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-696/1 од 26.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Звонко Спасевски,** како имател на 50 (педесет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-680 од 18.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-680/1 од 18.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Трајковски Марјан,** како имател на 82 (осумдесет и две) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ---------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-706 од 28.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-706/1 од 28.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Горан Додевски,** како имател на 96 (деведесет и шест) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-698 од 26.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-698/1 од 26.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Ибраим Дураки,** како имател на 89 (осумдесет и девет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------------------------------------------------
- **Полномошно бр.02-699 од 27.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-699/1 од 27.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Бакији Зуљфи,** како имател на 92 (деведесет и две) акции во Фабрика за

заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ------------------------------------------------------------------------------------

**- Полномошно од 24.11.2024 година,** *што е прилог на овој записник,* со Известување бр.02-687 од 25.11.2024 година, *што е прилог на овој записник,* **од акционерот Мите Николовски,** како имател на 114 (сто и четиринаесет) акции во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, ЕМБС4028201, ----- ------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на претседавачот на собранието, даден ми е **комплетниот писмен материјал од ова собрание,** во кој се содржани сите предлог одлуки, кои се содржани во овој записник. ------------------------------------------------------------------------------------ ------------------------------------------------------------------------------------

**Врз основа на увид во акционерската книга утврдив дека е изготвен список на присутни акционери на Собрание со право на глас, па утврдив дека на седницата на Собранието од вкупен број на акционери 1.504 (илјада петстотини и четири) и вкупен број на обични акции 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада), по принцип една акција еден глас, од присутните застапувани се 313.507 (тристотини и тринаесет илјади петстотини и седум) акции што претставува 63,85 % (шеесет и три кома осумдесет и пет проценти) акции со право на глас.-------------** ------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 12:00 часот (дванаесет часот) --------------------------------------------

Седницата ја отвори председавачот на претходното собрание Максимовиќ Јелена, која е полномошник на акционерите Дураки Ибраим, Бакији Зуљфи и Мите Николовски, која посака успешна работа на вонредното собрание и наведе дека денешното собрание е вонредно закажано согласно ЗТД и Статутот на АД, а поради потреба за донесување на Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, за што е приложена предлог одлука, *што е прилог на овој записник* По тоа, го предложи дневниот ред по кој треба собранието денеска да работи. Констатира дека се исполнети услови за одржување, па предложи да се пристапи кон работа по дневниот ред од процедуралниот дел. ------------------------------------------------------------------------

## ------------------------------ процедурален дел ------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------

**Т.1 Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници; ------------------------------------------------------------------------------------**

Максимовиќ Јелена, како претседавач на последната седница на Собранието истакна дека согласно податоците добиени од стручната служба во врска со верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници, утврдено е дека од вкупно 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада) акции со право на глас присутни се 313.507 (тристотини и тринаесет илјади петстотини и седум) акции со право на глас или 63,85% (шеесет и три кома осумдесет и пет проценти) од вкупниот број на акции претставувани од седум акционери или полномошници на акционери. Во врска со ова констатација, никој од присутните акционери немаше забелешки. ------------------------------------------------------------------------------------ ------------------------------------------------------------------------------------

**Т.2. Утврдување на кворум за работа и одлучување на Собранието: ---------** ------------------------------------------------------------------------------------

По оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека согласно член 383 став 1 од Законот за трговските друштва, Собранието може да одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред и истакна дека врз основа на акционерска книга и список на присутни акционери кои ги застапуваат акциите, од вкупно 491.000 (четиристотини деведесет и една илјада) акции со право на глас присутни се 313.507(тристотини и тринаесет илјади петстотини и седум) акции со право на глас или 63,85% (шеесет и три кома осумдесет и пет проценти) од вкупниот број на акции, по принцип една акција еден глас, па согласно ЗТД има кворум за работа и полноважно одлучување за сите работи за кои е овластено собранието. Во врска со ова констатација, никој од присутните акционери немаше забелешки.------------------------------------------------------------------------------------

**Т.3. Избор на двајца бројачи на гласови; --------------------------------------------**

Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена, полномошник на акционерите Дураки Ибраим, Бакији Зуљфи и Мите Николовски, како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека е потребно да се изберат двајца бројачи на гласови. По ова, за збор се јави акционерот Антевска Лидија и го предложи акционерот Витановска Валентина со МБ 1406965425020, родена на 14.06.1965 во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.Моша Пијаде бр.62, за бројач на гласови. След тоа, за збор се јави акционерот Витановска Валентина, и го предложи акционерот Антевска Лидија со МБ 0608963425005, родена на 06.08.1963 во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.Никола Карев бр.26, за бројач на гласови. Во врска со ова, никој од другите присутни акционери немаше забелешки. -----------------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со **313.507** (тристотини и тринаесет илјади петстотини и седум) гласа за, едногласно го усвои. -------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека бидејќи како записничар е повикан Нотар Марјан Коцевски од Куманово и истиот е присутен на досегашната работа, да не се избира записничар и оверувачи на записникот, туку согласно ЗТД да записникот го води Нотар Марјан Коцевски од Куманово, **па предложи да се премине кон работен дел на собрание.**-------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

**----------------------------------- работен дел -----------------------------------**

**Т.1. Избор на претседавач на Собрание на акционери;**-------------------------

Во врска со оваа точка, Максимовиќ Јелена како претседавач на последната седница на Собранието, истакна дека согласно член 395 став 2 од Законот за трговските друштва, Претседавачот на Собранието се избира за секое одделно Собрание, па според тоа потребно е да се избере претседавач на денешното собрание. По оваа, за збор се јави Јулијана Ристевска, полномошник на акционерите КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ и РАПИД БИЛД ДОО, и ја предложи Максимовиќ Јелена со МБ3103989425042, родена на 31.03.1989 година во Куманово, со живеалиште во Куманово, на ул.24 бр.15, за претседавач на собранието. ------------------------------------------------------------------------
Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со **313.507** (тристотини и тринаесет илјади петстотини и седум) гласа за, едногласно го усвои предлогот и ја донесе следната: ------------------------------------------------------------------------------------------------

**ОДЛУКА**

**За избор на претседавач на Собрание на Акционери**

-------------------------------------------------Член 1-------------------------------------------------

За претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Максимовиќ Јелена.----------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------Член 2-------------------------------------------------

Мандатот на избраниот Претседавач трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.-------------------------------------------

-------------------------------------------------Член 3-------------------------------------------------

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзино донесување.-----------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник,*. ----------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Т.2 Донесување на одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна;** ----------------------------------------------------------------------------

Во врска со втората точка од работниот дел на дневниот ред, претседавачот на Собранието истакна дека пред да се пристапи кон расправа по однос на оваа точка од дневниот ред – Донесување на одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, го повикува Извршниот директор Ивановска Николовски Марија да даде образложение во однос на истата, по што таа го даде следното излагање:--------------------------------------------------------------------------------------------

"Постоечките Договори за кредит кои се претходно склучени, а во кои Фабриката се јавува како заемопримач, веќе некое време на коренспондираат со финансиската кондиција на Фабриката. Агресивната политика на банките во однос на зголемување на каматните стапки претставува директна пречка за остварување на

поголеми позитивни финансиски ефекти во иднина. За таа цел, на основа на утврдената деловна политика на Фабриката и состојбите во кои се наоѓа истата а кои се искажани и во финансиските извештаите за работењето, Одборот на директори заклучи дека за понатамошно успешно работење на Друштвото ќе биде неопходно склучување на Договор за заем со Квалитет – Пром ДООЕЛ Куманово, со можна најниска каматна стапка, во износ од 400.000.000,00 (четиристотини милиони) денари за период од пет години. Склучувањето на овој Договор ќе овозможи поголеми можности за развој на Фабриката а воедно и паричните средства предмет на овој Договор ќе се користат за редовно – тековно функционирање и обавување на регистрираната дејност.----------------

Донесување на Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна датира уште од 2015 (две илјади и петнаесетта) година со преземање на Фабриката од страна на мнозинскиот акционер при што во неколку наврати се склучувани различни договори кои биле предмет на голема зделка со заинтересирана страна.----------------------------------------------------------------------------------------------------

За склучување на оваа зделка беше ангажиран надворешен независен и овластен ревизор кој изготви Извештај за ангажман за уверување за зделка со заинтересирана страна и во истиот е дадено мислење во однос на Предлог Одлуката за склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО како заемопримач со КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово како заинтересирана страна која се јавува во својство на заемодавач а со цел склучување на Договор за заем. Во Извештајот детално се разгледани финансиските параметри и финанскиските извештаи при што е утврдено дека зделката е во согласност со императивните прописи на националното законодавство. Исто така, утврдено е дека не постои несразмерност во заемните давања и не постојат други факти кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета, измама и манипулација.---------------------
Врз основа на детална анализа дадена е препорака до малцинските акционери на Друштвото да ја поддржат зделката на седницата на Собранието на акционери.-----------
Од причина што Фабриката се соочува со повеќе потешкотии во работењето, донесување на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна страна ќе значи опстанок во ова тешко време на стопанисување во областа на црна металургија, а Фабриката останува да работи ликвидно.-----------------------------------------
Поради тоа во интерес на сите акционери е да се донесе Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна." ------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По излагањето, за збор повторно се јави Претседавачот на Собранието, која го даде следното излагање: ---------------------------------------------------------------------------

"Мнозинскиот акционер Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово кој поседува повеќе од 5% (пет проценти) од акциите со право на глас согласно член 390 став 5 од Закон за трговските друштва, до Одборот на директори достави Предлог-Одлука под точка два од дневниот ред.-----------

Согласно член 459 од Закон за трговските друштва мнозинскиот акционер КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ Куманово кој поседува повеќе од 20% (дваесет проценти) од акциите во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО, благовремено го извести друштвото дека е заинтересирана страна и на кој начин е заинтересирана страна во предложената зделка. Одборот на директори донесе заклучок со кој предлага на Собранието да ја донесе Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Согласно член 456 од ЗТД, Одборот на директори до Собранието достави Известување за голема зделка со заинтересирана страна и му препорача на Собранието да ја усвои предложената Одлука со напомена дека акционерите имаат право да не се согласат со истата. Со Известувањето, Одборот на директори на Собранието на акционери му ги достави и податоците за страните на зделката, корисникот на зделката, вредноста и предметот.--------------------------------------------------------------------------------

Одборот на директори побара мислење од независен и овластен ревизор кое е содржано во Извештајот за разумно уверување во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна од БЕНД Ревизија и конслатинг ДОО Тетово и истиот беше објавен на веб страницата на друштвото.-----------------------------------------------------------

Во Извештајот е наведено дека зделката е фер и нема несразмерност во заемните давања. -----------------------------------------------------------------------------------------

Одлуката се донесува со гласање од страна на малцинските сопственици на акции кои немаат интерес во зделката, односно согласно член 460 став 3 од ЗТД и Автентичното толкување на член 460 став 3 од Законот за трговските друштва објавен во Службен Весник на РМ бр.217/15, Собранието ја одобрува зделката со заинтересирана страна со мнозинство гласови на сите акционери претставени на Собранието на акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас.

Како заинтересирана страна по оваа не гласа КВАЛИТЕТ –ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово и поврзаното лице Рапид Билд ДОО Куманово или вкупно 301.992 (тристотини и една илјада деведстотини деведесет и две) акции. Од вкупно претставените акции 313.507 (тристотини и тринаесет илјади петстотини и седум), нема да гласаат 301.992 (тристотини и една илјада и деветстотини деведесет и два).”----------

Предлогот беше ставен на гласање и Собранието со 11.515 (единаесет илјади петстотини и петнаесет) гласа за, едногласно го усвои предлогот односно сто проценти од акции кои се претставени на собранието од акционери - незаинтересирани страни, и ја донесе следната: -----------------------------------------------------------------------------------

**-----------------------------------------------------ОДЛУКА-----------------------------------------------**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

-------------------------------------------------------Член 1-----------------------------------------------------

**СЕ ОДОБРУВА** склучување и реализација на голема зделка со заинтересирана страна на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како заинтересирана страна која се состои од склучување на Договор за заем, во кој Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се јавува како Заемопримач а Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува како Заемодавач, кој Договор е составен дел на оваа Одлука.----------

-------------------------------------------------------Член 2-----------------------------------------------------

Вредноста на зделката со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, по основ Договор за заем, изнесува 400.000.000,00 денари, за период од 5 години.----------------------------------------------------

-------------------------------------------------------Член 3-----------------------------------------------------

Вкупната вредност на наведената зделка од член 1 и 2 на оваа Одлука претставува повеќе од 2% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, односно е над 20%, но не повеќе од 50% од книговодствена вредност на имотот на Друштвото, со што надминува 10% од вредноста на активата на Друштвото определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото заради што е потребно мислење од овластен ревизор а според одредбите на ЗТД и Статутот на Фабриката ова претставува голема зделка со заинтересирана страна која потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.-----------------------------------------------------------

Се утврдува дека за наведената зделка има Извештај за ангажман за разумно уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани согласно Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.----------------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------Член 4-----------------------------------------------------

**ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА ВО ЗДЕЛКАТА Е:-----------------------------------------------**

Се утврдува дека заинтересирана страна во зделката е **Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово** (Заемодавач), како акционер, кое поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво Куманово, и истото го извести Одборот на директори дека согласно член 457 од ЗТД има статус на заинтересирана страна во предложената зделка.---------------------------------------------------

-------------------------------------------------------Член 5-----------------------------------------------------

**СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СЕ:**

Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово (Заемодавач) и Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво Куманово (Заемопримач).-----------------------------------------------

------------------------------------------------------Член 6---------------------------------------------------

**ПРЕДМЕТ НА ГОЛЕМАТА ЗДЕЛКАТА СЕ:** ---------------------------------------------------

- Одобрување и склучување на **Договор за заем**, на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО со Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, каде што Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово се јавува во својство на заемодавач.-----------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------Член 7---------------------------------------------------

Собранието на акционери на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово **потврдува и одобрува** дека согласно Законот за трговски друштва наведената зделка во член 1 и 2 од оваа одлука надминува 2% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото, односно е над 20%, но не повеќе од 50% од книговодствена вредност на имотот на Друштвото според одредбите на ЗТД и Статутот на Друштвото, и се утврдува дека оваа зделка потпаѓа под правилата за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна.------------------------------------------

------------------------------------------------------Член 8---------------------------------------------------

Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа Одлука согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.----------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------Член 9---------------------------------------------------

Се овластува и задолжува Извршниот директор при Одборот на директори на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да го склучи и да го реализира договорот по правосилноста на оваа Одлука.----------------

------------------------------------------------------Член 10--------------------------------------------------

Оваа Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна и склучување и реализација на договорот, влегува во сила со денот на донесувањето.-------------------------
Оваа одлука потпишана од претседавачот *е прилог на овој записник,*. ----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

След ова, претседавачот на Собранието изјави, дека дневниот ред е исцрпен, па во дванаесет часот и дваесет и три минути, ја заклучи вонредната седницата на Собранието на АД. ----------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Записникот заедно со прилозите лично му ги прочитав на Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата, па во знак на одобрување своерачно го потпиша. ----------

**Претседавач:** ----------------------------------------------------------------------------------------

**Максимовиќ Јелена с.р.** ------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник лично го составив и истиот е сочинет на седум страни на седум листа. На учесниците им се издадени изводи, а изворникот се чува во архивата на Нотарот. ----
Нотарската награда, согласно член 41 и 54 став 1 од НТ е пресметана во износ од 12.000,00 денари и материјален трошок во износ од 630,00 денари по член 52 од НТ.-----

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

ОДУ бр.674/24, во Куманово, на десетти декември две илјади дваесет и четврта година.-

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР М-р Марјан Коцевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
МАРЈАН
КОЦЕВСКИ
КУМАНОВО